| 48 | | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,00 |
| | 480 | КУПУВАЊЕ НА ОПРЕМА И МАШИНИ | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,00 |
| | 480190 | КУПУВАЊЕ НА ДРУГА ОПРЕМА | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,00 |

**Образложение**

| ПРОГРАМА | | **P1 - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | **Буџет за 2025 година** | | **Наменска дотација за 2025 година** | | **Самофинансирачки активности за 2025 година** | | **Донации за 2025 година** | | **Кредити за 2025 година** | | **Вкупно за 2025 година** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | Останато за реализација до крај на 2025 година | % |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА P1 - ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 | 10.000.000 | 0,00 |
| | 464 | РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 | 10.000.000 | 0,00 |
| | 464990 | ДРУГИ ТРАНСВЕРИ | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 0 | 10.000.000 | 0,00 |

**Образложение**

| ПРОГРАМА | | **Т1 - Т1. Унапредување на здравствената заштита** | **Буџет за 2025 година** | | **Наменска дотација за 2025 година** | | **Самофинансирачки активности за 2025 година** | | **Донации за 2025 година** | | **Кредити за 2025 година** | | **Вкупно за 2025 година** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | Останато за реализација до крај на 2025 година | % |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА Т1 - Т1. Унапредување на здравствената заштита** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 1.200.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 300.000 | 900.000 | 25,00 |
| | 464 | РАЗНИ ТРАНСФЕРИ | 1.200.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 300.000 | 900.000 | 25,00 |
| | 464990 | ДРУГИ ТРАНСВЕРИ | 1.200.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 | 300.000 | 900.000 | 25,00 |

**Образложение**

| ПРОГРАМА | | **Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање** | **Буџет за 2025 година** | | **Наменска дотација за 2025 година** | | **Самофинансирачки активности за 2025 година** | | **Донации за 2025 година** | | **Кредити за 2025 година** | | **Вкупно за 2025 година** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | План | Реализација за 1 квартал | Останато за реализација до крај на 2025 година | % |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ЗА ПРОГРАМА** | | **Ф1 - Ф1.Урбанистичко планирање** | | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | СТОКИ И УСЛУГИ | 5.000.000 | 165.799 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 165.799 | 4.834.201 | 3,32 |
| | 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 5.000.000 | 165.799 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 165.799 | 4.834.201 | 3,32 |
| | 425640 | ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | 5.000.000 | 165.799 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000.000 | 165.799 | 4.834.201 | 3,32 |

**Лице за контакт**

**Овластено лице(печат и потпис):**

**Име и презиме и тел.број:** **Тони Петров 071 219 572**

**Образец К2**

**Kvartalen izve{taj za dostasani nenamireni obvrski**

**Op{tina:** KAVADARCI
**Kvartal:** od 01.01.2025 godina do 31.03.2025 godina
**Датум на поднесување на извештајот:** 30.04.2025
(den, mesec, godina)

*(во denari)*

| Meseci | Obvrski do 30 dena | Obvrski do 60 dena | Obvrski nad 60 dena | | | Vkupno |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | utu`eni | neutu`eni | **Vkupno** | |
| januari | | 15,886,055 | | 150,778,847 | **150,778,847** | **166,664,902** |
| fevruari | | 14,073,896 | | 195,410,340 | **195,410,340** | **209,484,236** |
| mart | | 10,673,017 | | 185,046,515 | **185,046,515** | **195,719,532** |
| april | | | | | **0** | **0** |
| maj | | | | | **0** | **0** |
| juni | | | | | **0** | **0** |
| juli | | | | | **0** | **0** |
| avgust | | | | | **0** | **0** |
| septemvri | | | | | **0** | **0** |
| oktomvri | | | | | **0** | **0** |
| noemvri | | | | | **0** | **0** |
| dekemvri | | | | | **0** | **0** |

| Rashodna stavka | Vkupno obvrski |
|---|---|
| 401 | |
| 402 | |
| 403 | |
| 404 | |
| 411 | |
| 412 | |
| 413 | |
| 414 | |
| 420 | |
| 421 | 2,311,313 |
| 423 | 1,073,622 |
| 424 | 15,150,146 |
| 425 | 1,079,581 |
| 426 | 1,476,820 |
| 427 | |
| 451 | |
| 452 | |
| 453 | |
| 461 | 161,830 |
| 462 | |
| 463 | |
| 464 | 10,908,017 |
| 465 | |
| 471 | |
| 472 | |
| 473 | |
| 474 | |
| 480 | 13,495,112 |
| 481 | |
| 482 | 140,341,331 |
| 483 | |
| 484 | |
| 485 | 9,721,760 |
| 486 | |
| 487 | |
| 488 | |
| 489 | |
| 491 | |
| 492 | |
| 493 | |
| **Total** | **195,719,532** |

**Obrazlo`enie:**

Lice za kontakt
Име и презиме и tel.broj: Toni Petrov tel: 071 219 572

Ovlasteno lice (pe£at i potpis):
_______________________________

| | |
|---|---|
| | Vkupno |
| | do 60 dena |
| 0 | nad 60 dena |

**Образец К3**

**Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

**Општина:** ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Извештаен период :** 01.01.2025 **година до** 31.03.2025 **година**

( ден, месец, година) ( ден, месец, година)

**Датум на поднесување на извештајот:** 31.04.2025 г.

( ден, месец, година)

**Долг на општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит (да/не) | Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина: Прв | Датум на отплата на главнина: Последен | Датум на отплата на камата: Прв | Датум на отплата на камата: Последен | Достасана обврска ( во извештајниот период): Главница | Достасана обврска ( во извештајниот период): Камата | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период): Главница | Платена обврска ( во извештајниот период): Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период): Главница | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период): Камата | Состојба на долгот за извештајниот период**: на почетокот | Состојба на долгот за извештајниот период**: на крајот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | МСИП Под Заем бр.05 | Реконструкција на коловоз на улици И булевари во нас.место Кавадарци | Мин. за финансии на РМ | денари | 65.000.000 | | 13 год. | 3 год. | 63.931.920 | да | в | 10.09.2021 | 10.03.2030 | 10.09.2018 | 10.03.2030 | 3.196.596 | 831.554 | 10.03.2025 | 3.196.596 | 831.554 | 13.03.2025 | 0 | 0 | 41.555.748 | 38.359.152 |
| 2 | 02-110-1063/2 | Изградба на градски пазар со подземен паркинг | Комерцијална банка | денари | 118.000.000 | 2,5%. | 12 год. | 2 год. | 117.488.844 | да | б | 20.07.2023 | 20.04.2033 | 26.10.2021 | 20.04.2033 | 2.607.290 | 838.193 | 20.01.2025 | 2.607.290 | 838.193 | 16.01.2025 | 0 | 0 | 101.916.393 | 99.309.103 |

**Забелешки:**

**Долг на ЈП основани од општината** *( во оригинална валута)*

| Реден број | Ознака на кредит | Назив на кредитот и намена | Заемодавач | Оригинална валута | Износ | Каматна стапка % | Рок на отплата | Грејс период | Износ на повлечени транши (во оригинална валута) | Гарантиран кредит (да/не) | Периодичност на отплата* (а, б, в, г,д) | Датум на отплата на главнина: Прв | Датум на отплата на главнина: Последен | Датум на отплата на камата: Прв | Датум на отплата на камата: Последен | Достасана обврска ( во извештајниот период): Главница | Достасана обврска ( во извештајниот период): Камата | Датум на достасување на обврската | Платена обврска ( во извештајниот период): Главница | Платена обврска ( во извештајниот период): Камата | Датум на отплата на обврската | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период): Главница | Достасана неплатена обврска ( во извештајниот период): Камата | Состојба на долгот за извештајниот период**: на почетокот | Состојба на долгот за извештајниот период**: на крајот | Заемопримач (назив на ЈП) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Водоснабдување фаза 1 чекор 1 | КФВ -Банка | ден | 36.570.114 | 2 | 19 г., | 10 г. | 36.250.219 | да | в | 20.12.2020 | 20.12.2039 | 20.06.2020 | 20.12.2039 | | | | | | | 0 | 0 | 27.884.782 | 27.884.782 | ЈП Комуналец |
| 2 | | Водоснабдување фаза1 чекор 2 | КФВ -Банка | ден | 38.260.936 | 2 | 20 г., | 1 г. | 38.260.936 | да | в | 20.12.2019 | 20.12.2039 | 20.06.2020 | 20.12.2039 | | | | | | | 0 | 0 | 28.586.237 | 28.586.237 | ЈП Комуналец |
| 3 | | Изградба на мини хидро централа | ЦК Банка | ден | 22.000.000 | | | | 19.129.956 | да | а | | | | | 1.362.837 | 33.765 | 27.03.2025 | 1.362.837 | 33.765 | 27.03.2025 | 0 | 0 | 5.966.315 | 4.603.478 | ЈП Комуналец |
| 4 | | Набавка на опрема | Комерцијална банка ад | ден | 20.000.000 | 4 | 5 г. | 9 мес. | 13.174.000 | да | а | | | | | | | | | | | | | 4.612.000 | 13.174.000 | ЈП Комуналец |
| **5** | | **ЛИЗИНГ за набавка на автобуси** | **Шпаркасе лизинг** | **ден** | **44.733.740** | | **60 мес.** | | | **да** | **а** | **03.01.2023** | **01.12.2027** | **03.01.2023** | **01.12.2027** | 1.551.015 | 434.067 | 03.03.2025 | 1.551.015 | 434.067 | 20.02.2025 | **520246** | **141.448** | **24.775.232** | **23.224.217** | **ЈП Градски превоз Кавадарци** |

**Забелешки:**

Лице за контакт

Име и презиме и телефонски број Тони Петров , тел. 071-219-572

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;

** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

# Образложение
## на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот за Општина Кавадарци за Први квартал - 2025 година

*Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година е дименизиониран на износ од 1.502.453.000 денари каде што редовните буџетски приходи се планирани на износ од 738.709.000 денари, приходи од дотации во износ од 681.900.000 денари, приходи од самофинансирачки активности во износ од 57.155.000 денари, приходи од донации во износ од 24.689.000 денар, приходи од кредит износ од 0,00 ден.*

*Врз основа на досегашното извршување на Буџетот изработен е Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за* ***први*** *квартал , врз основа на кое може да го* констатираме *следното:*

## А.ПРИХОДИ

*Остварувањето на вкупните приходи по сите основи за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година е во износ од 1.502.453.000 денари во однос на планираните 280.966.095 денари или изразено во проценти 18,70 %.*

*Остварувањето на* ***редовните буџетски приходи*** *изнесува 103.677.914 денари во однос на планираните 644.109.000 денари, или изразено во проценти изнесува 16,10%.*

*Остварувањето на* ***приходи од наменски дотации*** *изнесува 160.703.525 денари во однос на планираните 681.900.000 денари, или изразено во проценти изнесува 23,57%.*

*Остварувањето на* ***приходи од самофинасирачките активности*** *изнесува 8.664.812 денари во однос на планираните 57.155.000 денари, или изразено во проценти изнесува 15,16%.*

*Остварувањето на* ***приходи од донации*** *изнесува 4.435.240 денари во однос на планираните 24.689.000 денари, или изразено во проценти изнесува 17,96%.*

*Остварувањето на* ***приходи од кредити*** *изнесува 0,00 денари во однос на планираните 0,00 денари, или изразено во проценти изнесува 0%.*

*Реализираните приходи по СТРУКТУРА СЕ следните:*

***Група 71 - Даночни приходи*** *реализирани во износ од 71.499.011 денари во однос на планираните 295.358.000 денари, или изразено во проценти 24,21 % реализирано во однос на планираното, односно:*

*- Приходи од данок од доход,од добивка и од капитална добивка се реализирани во износ од 7.819.204 денари во однос на планираните 30.670.000 денари, или изразено во проценти 25,49 % .*

*- Приходите од даноци на имот се реализирани во износ од 26.751.805 денари во однос на планираните 99.538.000 ден. или изразено во проценти 26,88 %.*

*- Приходи од даноци на специфични услуги реализирани во износ од 36.887.262 денари во однос на планираните 133.600.000 денари, или изразено во проценти 27,61 %.*

*- Приходи од такси за користење или дозволи за вршење на дејност реализирани во износ од 40.740 денари во однос на планираните 31.550.000 денари, или изразено во проценти 0,13 % .*

***Група 72 - Неданочни приходи*** *се реализирани во износ од 12.428.310 ден во однос на планираните 209.539.000 денари, или изразено во проценти 5,93%, од кои реализирани буџетски приходи во износ од 4.016.694 денари и самофинансирачки активности приходи во износ од 8.411.616 денари, односно:*

*-Претпиемачки приход и приход од имот реализација во износ од 2.000 ден во однос на планираните 141.384.000 ден или процент на реализација од 0.00%,*

*- Приходи од глоби,судски и административни такси реализација во износ од 314.250 денари во однос на планираните 2.000.000 ден, или изразено во проценти 15,71%,*

*- Приходи од такси и надоместоци реализација во износ од 8.517.249 денари во однос на планираните 57.812.000 ден, или изразено во проценти 14,73 %.*

*- Други неданочни приходи реализација во износ од 3.593.461 денари во однос на планираните 8.343.000 ден, или изразено во проценти 43,07 %.*

***Група 73 - Капитални приходи*** *реализација во износ од 3.484.604 ден во однос на планираните 94.600.000 ден, изразено во проценти изнесува 3,68 %.*

***Група 74 - Трансфери и донации*** *реализација во износ од 193.557.170 ден во однос на планираните 902.956.000 ден , или изразено во проценти изнесува 21,44%, од кои реализирани од редовните буџетски приходи изнесуваат 28.162.209 денари, наменските дотации реализирани 160.706.525 ден и донациите реализација од 4.435.240 ден, односно:*

*- Приходи од трансфери од други ниво на власт реализација во износ од 191.478.820 денари во однос на планираните 878.267.000 денари, или изразено во проценти 21,80 % .*

*- Приходи од донации од странство реализација во износ од 2.078.350 денари во однос на планираните 24.689.000 ден,или изразено во проценти 8,42 %.*

***Група 75 - Домашно задолжување*** *реализација во износ од 0.00 ден во однос на планираните 0.00 ден, изразено во проценти изнесува 0 %,*

# Б.РАСХОДИ

Реализацијата на вкупните расходи на Буџетот на Општина Кавадарци за периодот од 01.01.2025-31.03.2025 година изнесуваат од 269.137.889 денари во однос на планираните годишни расходи во износ од 1.502.453.000 денари изнесува 17,91 %, од кои 107.162.518 денари се реализирани буџетски расходи, 148.875.319 ден се реализирани расходи од наменски дотации, расходи од самофинансирачките активности реализација во износ од 8.664.812 денари, реализација на донациите во износ од 4.435.240 денари и реализација на кредити во износ од 0.00 денари.

За подетална анализа во наредниот текст ќе дадеме образложение за извршување на расходите по пооделни ставки, програми и потпрограми:

## Б.1. Извршување по пооделни ставки

**Група 40 - Плати и надоместоци** реализација во износ од 164.088.282 денари во однос на планираните 710.535.000 денари, или изразено во проценти 23,09 %, односно:
- Реализирани расходи за Основни плати на вработени во Општинска Администрација и Градоначалник се во износ од 17.747.636 денари во однос на планираните 78.819.000 ден, Реализирани расходи за Основни плати и надоместоци на вработени во образовните, културните институции, детската заштите и противпожарна заштита изнесува 98.733.699 денари во однос на планираните 416.125.000 денари.
- Реализирани расходи за Придонеси за социјално осигурување во износ од 45.576.931 денари во однос на планираните 193.193.000 денари, или изразено во проценти 23,59 %, од кои 6.944.086 денари се реализирани од буџетски расходи и 38.632.845 денари се реализирани расходи од наменски дотации.
- Реализирани расходи по основ на Надоместоци во износ од 2.030.016 денари во однос на планираните 22.398.000 денари, или изразено во проценти изнесува 9,06%.

**Група 41 - Резерви и недефинирани расходи** реализирани се во износ од 0.00 денари во однос на планираните 200.000 денари, или процент на реализација од 0,00 %.

**Група 42 - Стоки и услуги** реализација во износ од 39.903.974 денари во однос на планираните 326.053.000 денари,изразено во проценти 12,24% реализирано во однос на планираното, од кои :
- Реализирани расходи за Патни и дневни расходи во износ од 747.932 ден во однос на планираните 12.796.000 денари или изразено во проценти 5,85%, од кои 132.849 денари се реализирани од буџетски расходи, 0 ден се рализирани од наменски дотации, износ од 105.720 ден реализација од самофинансирачките активности и износ од 509.363 ден реализирани донации.
- Реализирани расходи за Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 8.963.446 денари во однос на планираните 58.426.000 денари, или изразено во проценти 15,34 % од кои 2.647.828 ден

*се реализирани од буџетски расходи, 5.406.158 денари се реализирани од наменски дотации, 909.460 ден реализација од самофинансирачките активности.*
*– Реализирани расходи за Материјали и Ситен инвентар во износ од 3.612.187 денари во однос на планираните 59.073.000 денари, или изразено во проценти 6,11 %, од кои 834.029 денари се реализирани од буџетски расходи, 1.554.782 денари се реализирани од наменски дотации и износ од 1.219.573 ден реализација од самофинансирачките активности.*
*– Реализирани расходи за Поправки и тековно одржување во износ од 6.574.739 ден во однос на планираните 80.361.000 денари, или изразено во проценти 8,18%, од кои 4.372.279 денари се реализирани од буџетски расходи, 1.939.583 денари се реализирани од наменски дотации и износ од 262.877 ден реализација од самофинансирачките активности.*
*– Реализирани расходи за Договорни услуги во износ од 8.650.875 ден во однос на планираните 57.528.000 ден, или изразено во проценти 15,04 %, од кои 1.196.670 денари се реализирани од буџетски расходи, 2.312.681 ден се реализирани од наменски дотации, 1.281.653 ден реализација од самофинансирачките активности и 3.859.871 ден реализација од донации.*
*- Реализирани расходи за Други тековни расходи во износ од 1.615.848 денари во однос на планираните 9.569.000 денари, или изразено во проценти 16,89 %, од кои 842.264 денари се реализирани од буџетски расходи, 276.371 денари се реализирани од наменски дотации, износ од 435.010 ден реализација од самофинансирачките активности и 62.203 ден реализација на донации.*
*– Реализирани расходи за Привремени вработувања во износ од 9.738.947 денари во однос на планираните 48.300.000 ден, или изразено во проценти 20,16%, од кои 5.967.747 денари се реализирани од буџетски расходи, 0,00 ден се реализирани од наменски дотации, износ од 3.771.200 ден реализација од самофинансирачките активности и износ од 0.00 ден реализирани донации.*

***Група 45 - Каматни плаќања - камата на кредит*** *реализација во износ од 1.669.747 денари во однос на планираните 5.500.000 денари, или изразено во проценти 30,36 %.*

***Група 46 - Субвенции и трансфери*** *реализација во износ од 28.585.407 денари во однос на планираните 147.296.000 денари, или изразено во проценти 19,41 %, од кои:*
*- Реализирани расходи за Трансфери до невладини организации во износ од 11.808.355 денари во однос на планираните 39.880.000 денари, или изразено во проценти 29,61 %.*
*- Реализирани расходи за Разни трансфери во износ од 12.253.581 ден во однос на планираните 74.216.000 денари, или изразено во проценти 16,51%.*

***Група 47 - Социјални бенефиции*** *реализација во износ од 1.008.258 ден во однос на планираните 5.000.000 денари, или изразено во проценти 20,17%.*

***Група 48 - Капитални расходи*** *реализација во износ од 28.078.335 ден во однос на планираните 290.774.000 ден, или изразено во проценти 9,66%, од кои:*

*– Реализирани расходи за Купување на опрема и машини во износ од 4.774.065 денари во однос на планираните 23.715.000 денари, или изразено во проценти 20,13%, од кои реализирани буџетски расходи во износ од 4.655.873, расходи од наменски дотации износ од 0.00 ден, расходи на самофинансирачките активности во износ од 118.192 ден. расходи од донации износ од 0.00 ден. и реализирани расходи од кредити износ од 0.00 ден.*

*- Реализирани расходи за Други градежни објекти во износ од 15.091.540 денари во однос на планираните 237.834.000 денари, или изразено во проценти 6,35 % односно реализирани буџетски расходи во износ од 14.694.140 ден., расходи од наменски дотации износ од 0.00 ден расходи на самофинансирачките активности во износ од 397.400 ден., реализирани расходи од донации во износ од 0 ден. и реализирани расходи од кредити износ од 0.00 ден.*

*– Реализирани расходи за Купување на мебел во износ од 19.200 ден во однос на планирано од 5.440.000 ден или реализација од 0,35%*

*- Реализирани расходи за Вложувања и нефинансиски средства во износ од 8.130.311 денари во однос на планираните 22.985.000 ден., или изразено во проценти 35,37 %, од кои реализирани буџетски расходи во износ од 8.111.167 ден., расходи од наменски дотации износ од 0.00 ден и расход од самофинансирачки активности во износ од 18.944 ден.*

***Група 49 - Отплата на главница*** *реализација во износ од 0.00 ден во однос на планираните 0.00 ден, или изразено во проценти 0%*

## ***Б.2.Реализацијата на трошоците по пооделните програми и потпрограми е следна:***

### ***ПРОГРАМА А0 - Совет на Општина***

*– Тековно оперативните расходи се реализирани во износ од 1.472.378 ден во однос на планираните 6.357.000 денари или процент на реализација од 23,16 % денари, Стоки и други услуги во износ од 596.573 денари, Субвенции и трансфери во износ од 0.00 ден, Социјални бенифиции во износ од 0.00 ден.*

### ***ПРОГРАМА В1 - Детска градинка***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 96.847.000 денари, реализиран износ од 22.163.546 денари или процент на реализација од 22,89 %, од кои за Плати и надоместоци на вработените износ од 15.957.743 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 7.578.818 денари и за Субвенции и трансфери износ од 247.434 денари.*

*Капиталните расходи се планирани на износ од 1.070.000 ден, реализација во износ од 45.312 ден. или 4,23 %.*

## ПРОГРАМА Г - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### Потпрограма Г1 - Поддршка на економскиот развој

*- Тековно оперативните расходи на оваа програма се планирани на ниво од 21.830.000 денари, реализиран износ од 2.699.446 ден или процент на реализација од 12,37%, и реализација на Субвенции и трансфери е во износ од 7.341.471 денари.*

### Потпрограма Г2 - Потикнување на развојот на туризмот

*- Тековно оперативните трошоци се планирани на износ од 2.295.000 ден реализација во износ од 151.524 ден или 6,60 %. од кои реализирани за набавка на Стоки и услуги износ од 0.00 ден и за Субвенции и Трансфери износ од 150.131 ден.*

### Потпрограма ГА - Изградба на комерцијални објекти

*- Тековно оперативните расходи на оваа програма се планирани на ниво од 17.095.000 денари, реализиран износ од 5.803.886 ден или процент на реализација од 33,95%. од кои реализација за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) е во износ од 0.00 ден, Каматни плаќања износ од 0.00 ден, реализација на Субвенции и трансфери е во износ од 0.00 денари и Отплата на главнина реализација во износ од 2.607.290 ден.*

*Капиталните расходи се планирани на износ од 20.822.000 ден, реализација во износ од 1.330.576 ден или процент на реализација од 6,39%.*

## ПРОГРАМА Д0 - Градоначалник

*– Тековно оперативните расходи за оваа програма се реализирани на износ од 514.789 ден во однос на планираните расходи од 2.162.000 ден или процент на реализација од 23,81% од кои за плати и надоместоци реализиран е износ од 370.649 денари, Тековната резерва е реализиран во износ од 0.00 ден, Стоки и услуги ( патни трошоци и комуникациски трошоци) во износ од 0,00 денари и Субвенции и трансфери износ од 340.756 ден.*

## ПРОГРАМА Е0 - Општинска Администрација

*– Тековно оперативните расходи се реализирани на износ од 22.249.424 денари во однос на планираните 108.395.000 денари или процент на реализација од 20,53 % од кои за Расходи за Плати и надоместоци реализација од 15.691.112 денари, Стоки и други услуги (Патни расходи , комунални услуги, Ситен инвентар и алат, Поправки и тековно одржување, Договорни услуги) во износ од 3.593.320 денари, Субвенции и трансфери во износ од 1.753.621 денари.*

## ПРОГРАМА ЕА - Капитални трошоци на општината

*– Тековно оперативните расходи се реализирани на износ од 699.323 денари во однос на планираните 8.365.000 денари или процент на реализација од 8,10 %.*

## ПРОГРАМА Ј - КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Потпрограма Ј0 - Одржување на урбана опрема**

- Планирани тековно оперативни расходи на ниво од 1.000.000 ден, реализација во износ од 0.00 ден или процент на реализација од 0.00 %.

**Потпрограма Ј3 - Јавно осветлување**

- Реализација на тековно оперативните расходи на ниво од 1.783.379 денари во однос на планираните 7.500.000 денари или реализација од 23,78 %.

**Потпрограма Ј4 - Јавна чистота**

- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 17.000.000 ден и истите се реализирани во износ од 0 ден односно процент од 0 %.

**Потпрограма Ј6 - Одржување и заштита на локалните патишта и улици и Регулирање на режимот на сообраќај**

- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 14.900.000 денари, реализација во износ од 2.548.215 денари или процент на реализација од 17,10 % .

**Потпрограма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 14.500.000 ден, реализација во износ од 0 ден или 0 %.

**Потпрограма Ј8 - Други комунални услуги**

- Планирани тековно оперативни трошоци на ниво од 3.200.000 ден, реализација во износ од 0 ден или 0%.

**Потпрограма ЈА – Изградба на јавно осветлување**

- Планирани Капитални расходи на ниво од 22.531.000 денари , реализација во износ од 900.328 ден или процент од 4,00 %.

**Потпрограма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување**

- Планирани Капитални расходи на ниво од 808.000 денари , реализација во износ од 0 ден или процент од 0 %.

**Потпрограма ЈД -Изградба и реконструкција на локални патишта**

- Капиталните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 170.133.568 денари, реализација од 21.179.306 денари или процент на реализација од 12,45 %.

**Потпрограма ЈИ – Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадните води**

- Капитални расходи се планирани на износ од 6.000.000 и истите се реализирани во износ од 0 или процент од 0 %.

**Потпрограма ЈЛ – Други комунални услуги**

- Капитални расходи се планирани на износ од 3.500.000 денари и истите се реализирани во износ од 0.00 или процент од 0 %.

***Потпрограма ЈН – Урбана опрема***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 6.500.000 денари, реализација во износ од 3.000.000 ден или процент на реализација во износ од 46,15 %.*

***Потпрограма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација***

*- Планирани Капитални расходи на ниво од 3.500.000 денари , реализација во износ од 351.647 ден или процент од 10,05 %.*

## ***ПРОГРАМА К - КУЛТУРА***

***Потпрограма К1 - Библиотекарство***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 9.166.000 денари, реализација во износ од 2.042.001 денари или процент на реализација од 22,28%, од кои расходи за Плати и надоместоци на вработените реализирани се 1.470.237 денар, а за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 340.449 денари., субвенции и трансфери реализирани се 81.364 ден.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0 денари и истите се реализирани во износ од 0 ден. односно 0 %.*

***Потпрограма К2 - Музичка и Сценска- уметничка дејност***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 10.563.000 денари, реализација во износ од 2614.373 денари или процент на реализација од 24,75 %, од кои расходи за Плати и надоместоци реализирани се во износ од 1.882.339 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 1.562.313 денари., субвенции и трансфери реализирани се 0.00 ден.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0 денари и истите се реализирани во износ од 0 ден. или процент од 0 %.*

***Потпрограма К3 - Музејска и кинотечна дејност***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 9.438.000 денари, реализација во износ од 2.177.097 денари или процент на реализација од 23,07 % од кои расходи за Плати и надоместоци реализирани се 1.567.436 денари, Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) расходите се на ниво од 651.909 денари и Субвенции и трансфери реализација во износ од 37.340 ден.*

*- Капиталните расходи се планирани на ниво од 0 денари и истите се реализирани во износ од 0 ден или процент од 0 %.*

***Потпрограма К4 - Културни манифестации и творештво***

*- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 12.500.000 денари, реализација во износ од 2.874.631 денари или процент на реализација од 23,00 %*

**Потпрограма КА – Културни манифестации и творештво**

- Тековно капитални расходи за оваа програма се планирани на ниво од 355.000 денари, реализација во износ од 86.824 денари или процент на реализација од 24,46 %

## ПРОГРАМА Л0 – СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- Тековно оперативните расходи за оваа програма се планирани на ниво од 35.000.000 денари, реализација во износ од 9.793.355 денари или процент на реализација од 27,98 %.

## ПРОГРАМА Н – ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограма Н1 - Основно образование**

- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 307.243.000 денари, реализиран износ од 72.952.161 денари или процент на реализација од 23,74 % од кои за Плати и надоместоци реализиран износ од 52.524.627 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење, Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 7.360.961 денари и Субвенции и Трансфери износ од 0.00 денари.
- Капиталните расходи по оваа програма планирани се на износ од 11.900.000 денари ,и истите се реализирани во износ од 19.200 ден или процент на релаизација од 0,16 %.

**Потпрограма Н2 - Средно образование**

- Тековно опертивните расходи се планирани на износ од 128.094.000 денари, реализиран износ од 30.390.113 денари или процент на реализација од 23,72% од кои за Плати и надоместоци износ од 21.871.764 денари, за Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 10.871.268 денари. и Субвенции и Трансфери износ од 0 денари
- Капиталните расходи по оваа програма планирани се на износ од 100.000 денари со реализација од 0.00 денари или 0 %.

**Потпрограма НА – Капитални расходи за основно образование**

- Тековно капитални расходи за оваа програма се планирани на ниво од 360.000 денари, реализација во износ од 0.00 денари или процент на реализација од 0 %.

**Потпрограма НБ – Капитални расходи во средно образование**

- Тековно капитални расходи за оваа програма се планирани на ниво од 4.118.000 денари, реализација во износ од 465.819 денари или процент на реализација од 11,31 %

## ПРОГРАМА Њ0-ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 32.270.000 денари, реализиран износ од 7.512.400 денари или процент на реализација од

*23,28 % од кои за Плати и надоместоци  износ од 4.998.183 денари, за  Стоки и услуги ( Патни расходи ,Комунални услуги, греење , Набавка на ситен инвентар, Поправки и тековно одржување и други расходи ) износ од 0.00 денари.*

*- Капиталните расходи по оваа програма планирани се на износ од 300.000 денари и истите  се  реализирани во износ од 0.00 ден. или 0 %.*

## ***ПРОГРАМА Р1- ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 10.000.000 денари, и истите  се реализирани во износ од 0.00 ден или 0 %.*

## ***ПРОГРАМА Т1-УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА***

*- Тековно оперативните расходи се планирани на износ од 1.200.000 денари, и истите  се реализирани во износ од 300.000 ден или 25,00 %.*

## ***ПРОГРАМА Ф – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ***

### ***Потпрограма Ф1 – Урбанистичко планирање***

*- Планирани тековно оперативни трошоци во износ од 5.000.000 денари, реализација од 165.799  денари или 3,32  %.*

*Април, 2025*  
*Кавадарци*

*Општина Кавадарци*  
*Сектор за финансиски прашања*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци „бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Одлука за распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09 –2720/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05/21…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55 седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за распределба на средства**
**во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се изготвува Финансов План со кој се врши распределба на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година со намена – Набавка на услуги –НАДЗОР НАД ИЗГРАДБА- двогодишна набавка за 2025 година и 2026 година.

Во Основниот Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година се планира распределба на трошоци за:

- Програма ЈД – Изградба и реконструкција на локални улици и патишта конто 482940–Надзор над изградба од кои во Буџетот во 2025 година се планирани средства во износ од 1.500.000 ден. , а во Буџетот во 2026 година се планираат средства во износ од 8.500.000 ден или вкупен износ од 10.000.000 ден.

Оваа Одлука со нејзиното донесување ќе биде составен дел на Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година и 2026 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2515/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на**
**Општина Кавадарци за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24) а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште ("Сл.Весник на РМ,, бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и "Сл.Весник на РСМ,, бр. 275/19), Правилник за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.193/16 и бр. 72/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ**
**НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2025 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година бр.08- 6869/19 од 26.12.2024 година, (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци'' 63/2024), се врши следното изменување и дополнување:

- Во глава VI -1 Објекти по урбани заедници, во подточка

Изработка и ревизија на проекти, надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, изработка на елаборати за процена на недвижен имот,

Во поединечната ставка надзор на комунална изградба за 2025 година беа предвидени 1.500.000 денари, во таа ставка се додава уште 8.500.000 денари за 2026 година. Со тоа вкупната вредност во износ од 9.000.000 денари останува непроменета.

Во останатиот дел програмата останува непроменета.

Вкупниот износ од 74,150,000 ден останува непроменет.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето ,а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08- 2515/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**, Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/4 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 2 точка 4 и член 80 и 80-а од Законот за градење (“Службен Весник на РМ” бр. 130/2009….168/2018) и (,,Службен Весник на Република Северна Македонија” бр 244/19, 18/20...224/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Кавадарци бр.08-6869/26 од 26.12.2024 година („Службен гласник на Општина Кавадарци“ бр.63/24,66/25), се врши следното изменување и дополнување:

Во глава "14 Урбана опрема – привремени паркиралишта за велосипеди" по алинеја 11, се додава нова алинеја за локација која гласи:

,, Опрема за превоз за паркирање на велосипеди, поставена на градежно земјиште со КП бр.12961/7 на ул.7 ми Септември бр.1 ,1 локација , на површина од 5м$^2$ х 0,5 м$^2$“ .

**Член 2**

Програмата влегува во сила со (8) осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2515/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука утврдување на потребата од донесување на**
**нова урбанистичко планска документација**
**за објекти надвор од планскиот опфат**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат ,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15,од Законот залокалнасамоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 10 став 4 одЗаконотза постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на Република Македонија“бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, бр.190/17 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/2021), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**
**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат,со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следнотобарање:

1. Барање бр.15-311од 16.07.2018год**.** на барателот Наташа Новеска од Прилеп, со адреса на ул,,Булевар Гоце Делчев,,бр.31 А-3 за утврдување на правен статус на бесправен објект

   -Викенд куќа,зграда бр.1, 2,влез: 1 , кат :приземје, мансарда,изграден во мв,,Село,,на КП бр.1622КО Дабниште.

2. Барање бр.15-558 од 23.02.2016год**.** на барателот Тони Ѓорѓиев од Кавадарци, со адреса на ул,,Методи Џунов Џико,, бр.78 за утврдување на правен статус на бесправен објект,

-Викенд куќа , зграда бр.1 влез: 1 , кат :приземје,изграден во мв,,Драгошинец,, на КП бр.40/1 КО Гарниково.

3. Барање бр.15-515 од 17.02.2016год**.** на барателот Блашко Мукаетов од Кавадарци, со адреса на ул,,29-ти Ноември,, бр.10 за утврдување на правен статус на бесправен објект,

   -Помали производни капацитети , зграда бр.2, влез: 1 , кат:приземје,изграден во мв,,Катуниште,, на КП бр.2788 КО Ваташа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци”

**Бр.08- 2515/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за неисполнети услови за промена**
**на намена во планскиот опфат за утврдување**
**на правен статус на бесправно изградени објекти**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** , Одлука за неисполнети услови за промена на намена во планскиот опфат за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти ,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на Република Македонија“бр.23/11, бр.54/11, бр.155/12, бр.53/13, бр.72/13, бр.44/14, бр.115/14, бр.199/14, бр.124/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.31/16, 190/17 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“бр.174/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за неисполнети услови за промена на намена во планскиот опфат за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект**

**Член 1**

1. Барателот Кенан Муниши од Кавадарци со адреса на ул,,Ѓорѓи Соколов,, бр.128 поднесе барање со арх.бр.14-6653 од 03.09.2011 година, за утврдување на правен статус на бесправен објект,
    - Бесправен објект - станбен простор со помошен простор со намена А1-1, зграда бр.5 на КП бр.10585/1 и зграда бр.2 и зграда бр.3 на КПбр.10573, влез : 01, кат : приземје, изграден на мв,, Ѓорѓи Соколов,, КО Кавадарци.

Барањето не ги исполнува условите за вклопување на бесправниот објект во урбанистичко планска документација, бидејќи објектот со доминантен дел е изграден на земјиште на кое во важечката урбанистичко планска документација ДУП за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3 ,,Опитно поле 3,, КО Кавадарци град, намената е Д1 парковско зеленило, и не постојат услови за вклопување на бесправно изградениот објект, односно нема услови за промена на намената на земјиштето.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2515/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
1.Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.08/25 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште дел од кп.бр.12124 м.в.„Р.Жинзифов“ култура гнзсо новоформирана кп.бр.12124/2 во површина од73 м2сопственост на Ризов Миле од Кавадарци ул.„Бел камен“бр.1/2/22имотенлистбр.9462 КО Кавадарцисогласно Решение за експропријација Екс.бр.25-116 од 12.12.2024 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради градење на објект за општа употреба – дел од ,,Рајко Жинзифов‘’ предвидена по ДУП за УЕ „Рајко Жинзифов“, согласно Геодетски елаборат за посебни намени за реализација на урбанистички планови нумерички податоци КО Кавадарци со деловоден број 0801-196/2020 од 12.11.2020 година изработен од ,,Геодата инженеринг“ДООЕЛ Кавадарци.

2.СтранитенаСудската Спогодбасесогласнизаекспроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба,предлагачот Општина Кавадарци – Локална самоуправа на

име правичен паричен надомест да му исплати на противникот износ од 1.476,00 ден./м2 односно за 73м2 надоместок во вкупен износ од 107.748,00 денари и трошоци на постапкатаво износ од 21.840,00 денари согласно доставен трошковник.

3. Страните на судската спогодба се согласни надоместокот во износ од 107.748,00 денари предлагачот Општина Кавадарци Локална самоуправа да го плативо рок од 60 дена од денот на потпишувањето на судската спогодба, на трансакциска сметка на противникот а адвокатските трошоци во износ од 21.840,00 денари на жиро сметка на адвокатот на противникот во истиот рок.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.08/25.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП.бр.08/25 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2515/16** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на Кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**1.СЕ ОБЈАВУВА** ,Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на Кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), а во врска со член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ" бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и „Сл.весник на РСМ"бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање во закуп на недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на општина Кавадарци по пат**
**на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се даде во закуп недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште запишана на Имотен лист број 306 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-12226/2024 од 25.11.2024 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ"бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16, бр.21/18 и „Сл.весник на РСМ"бр.101/19, 275/19 и 122/21) и тоа:

- Зграда број 1, намена на зграда – В4–8, влез 1, кат – приземје, со вкупна внатрешна површина од 54 м2.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот изработен од ДПКУ„ПРИМА ТИМ" ДОО Охрид со деловоден бр.02-8/2 од 10.01.2025 година и истата е во износ од 264.696,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 1.323,00 денари.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 5.294,00 денари.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарска општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);

- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за недвижната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;
- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;
- банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се дава во закуп за период од 20 (дваесет) години.

**Член 5**

Закупецот недвижната ствар од член 1 на оваа одлука не може да ја дава во подзакуп.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар на кп.бр.890 КО Бојанчиште во сопственост на општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање бр.08-4475/11 од 14.07.2023 година (,,Службен гласник на Општина Кавадарци“бр.36/23).

**Член 8**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Кавадарци“ .

**Бр.08- 2515/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка**
**помегу Општина Кавадарци и Општина Росоман**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помегу Општина Кавадарци и Општина Росоман,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 7 став 1од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци, утврден од Советот на Општина Росоман со арх.бр.08-231/1.8 од 14.03.2025 година, поднесен од страна на Градоначалникот на Општина Росоман со арх.бр.09-269/1 од 19.03.2025 година, за вршење на работи од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште за потребите на Општина Росоман од страна на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку формирање на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион,согласночлен 9 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 2515/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за формирање на заедничка комисија за**
**подготовка на актите за воспоставување на**
**меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,**Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09)и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**За формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се формира заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци за користење на работи од страна на општинската администрација на Општина Кавадарци за потребите на Општина Росоман од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште.

**Член 2**

Заедничката комисија за МОС :

-ќе изготви предлог акт за воспоставување на МОС;

-ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 4 членови, од кои 2 (два) члена од Општина Росоман и 2 (два) члена од Општина Кавадарци.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука, предлозите и актите ги подготвува врз основа на претходно направен анализа.

**Член 5**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 2515/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман**

**1.СЕ ОБЈАВУВА**,Решение за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Росоман, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/20** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“ бр.202/24), во врска со член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. Весник на РМ“ бр.79/09) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55 - та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци**

**Член 1**

За членови на зедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Росоман и Општина Кавадарци за вршење на работи од страна на општинската администрација на Општина Кавадарци за потребите на Општина Росоман од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно Закон за градежно земјиште, се именуваат,

1.Ленче Чиркова -општинска администрација;

2.Зорица Стефанова –општинска администрација .

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 2515/20 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за Локална стратегија на**
**млади на Општина Кавадарци за 2025-2029 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Заклучок за Локална стратегија на млади на Општина Кавадарци за 2025-2029 година,донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/21 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2025 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05...75/21), расправајќи по Локална Стратегија за млади на Општина Кавадарци 2025-2029,

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 29.04.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Локална Стратегија за млади на Општина Кавадарци 2025-2029, изработена од Национален младински совет на Македонија, со арх.бр. 08-2345/1 од 08.04.2025 година.

**2.** Заклучокот влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08- 2515/21 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на**
**Програмата за Развој за 2025 година на**
**Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Програма за изменување и дополнување на Програмата за Развој за 2025 година на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/22** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2025 година**

Во Програмата за Развој на Општина Кавадарци за 2025 година (,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,, бр.62/2024), се вршат следните измени и дополнувања:

**I.** Во Глава 4 Екологија

- Во точка 9 Министерство за животна средина и просторно планирање – 2025 година,

**текстот,,** Општина Кавадарци ќе продолжи да работи на подобрување на условите за живот и во руралните средини. Затоа во тој поглед планира да аплицира со следниот проект ,,Фекален колектор во с.Сопот” во текот на 2025 година,,

**СЕ ЗАМЕНУВА** со текстот „ Општина Кавадарци ќе продолжи да работи на подобрување на условите за живот и во руралните средини. Затоа во тој поглед планира да аплицира со следниот проект ,,Реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од улица „Киро Крстев“ Кавадарци, фаза 2“ во текот на 2025 година“. Вкупната вредност на проектот е 14.242.981.73 денари со вклучен ДДВ.

**II.** Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**III.** Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-2515/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за кофинансирање на**
**Проект ,,Реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул ,,Киро Крстев,, Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за кофинансирање на Проект ,,Реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул,,Киро Крстев,, Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службенвесникна РМ" бр.05/2002 и "Сл.весникна РСМ"бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025година, донесе,

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на ОпштинаКавадарци-Локалнасамоуправа,**
**во реализација на проектот"Реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од**
**ул. "ЌироКрстев" – Општина Кавадарци, фаза 2"**

**Член 1**

Општина Кавадарци-Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот за Реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од ул. “Ќиро Крстев” – Општина Кавадарци, фаза 2 пред Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 14.242.981,73 денари со вклучен ДДВ. Учеството на општината е во износод 4.242.981,73 денари, остатокот од 10.000.000,00 денари е учество на Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2025 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа реконструкција и одделување на фекална од атмосферска канализација за дел од улица “ЌироКрстев”.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2515/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност и овластување**
**за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Кавадарци**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,**Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Кавадарци,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Кавадарци**

согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023),

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Кавадарци за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Кавадарци, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Кавадарци и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја

извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Кавадарци до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2515/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП);**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП); ,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/25** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) член 20 став 2 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр.62/05,88/08, 35/11) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за изменување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Во Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) бр. 08-1640/79 од 13.03.2025 година, се врши следната измена и дополнување:

**I. Член 1 СЕ МЕНУВА и ГЛАСИ:**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот секторфинансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до26.115.552,00денари, при што 20.892.442,00денари се средства од под-заем (*во висина од 80% од вкупната инвестиција*), додека 5.223.110,00денари се грант средства (*во висина од 20% од вкупната инвестиција*). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен Проект за реконструкција со енергетски ефикасни мерки на објектите ЈОУДГ "Рада Поцева - Гроздоберче" и Спортска сала "Партизан" во Општина Кавадарци.

**II.Во Член 2став 1, алинеја 4** датата „13.03.2035“се заменува со датата „15.09.2031“:

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2515/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,, бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2025 година**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2025

година,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2025 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 300.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година во Програма Г1, конто 464990.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди, донесен од Совет на Општина Кавадарци бр.08-4989/8 од 25.09.2020 (,,Сл.Гласник на општина Кавадарци,, бр.63/20)

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 2515/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање донација материјално добро– Основен проект од Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба “ ТАГОРА“ ДОО експорт-импорт Скопје**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Одлука за примање донација материјално добро– Основен проект од Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба “ ТАГОРА“ ДОО експорт-импорт Скопје,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Сл. Весник,, на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација материјално добро– Основен проект од Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба “ ТАГОРА“ ДОО експорт-импорт Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација на материјално добро изразено како,

"Основен проект за поставување на опрема за спортско рекреативни активности на 4 локации во Општина Кавадарци, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, промет, услуги, проектирање и изградба "ТАГОРА" ДОО експорт-импорт Скопје, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште согласно член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 141.600,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи договор за донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2515/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Правилник за изменување и дополнување на**
**Правилникот за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти,донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**П р а в и л н и к**
**за изменување и дополнување на**
**Правилник за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти**

**Член 1**

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилник за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти во Општина Кавадарци бр.08-625/44 од 30.01.2024 година, се врши следната измена и дополнување:

- Во Глава Правилата за подготовка – аплицирање, во правило бр.4, потточка 4.4 СЕ МЕНУВА и гласи:

,, Реализацијата на предлог-проектите треба да биде планирана во рамките на 5 месечен период на имплементација“.

- После текстот - Важна напомена за апликантите,

точка 1 СЕ МЕНУВА и гласи: „Општина Кваадарци во рамките на јавниот повик за поддршка на граѓанските организации од Програмата G1 Поддршка на НВО од буџетот на Општина Кавадарци за тековната година не поддржува проекти во кои има:

- Едукации, обуки и семинари кои се оддржуваат надвор од територијата на Република Северна Македонија
- Реконструкција и изградба на објекти во приватна сопственост.
- Организацијата која сака да аплицира на Јавниот повик ќе може да достави проект кој е различен од проектот со кој аплицирала во последните 2 години“.

- Во Глава Правила за реализација- имплементација, во правило број 1, потточка 1.1 СЕ МЕНУВА и гласи: „Реализацијата на предлог – проектите треба да се планира во период не подолг од 5 месеци“

- потточка 1.2, СЕ МЕНУВА и гласи: „Реализацијата на предлог – проектите е во рок од 5 месеци, започнувајќи со датата на потпишување на Договорот за финансиска поддршка

- Во правило 2, потточка 2.4, на местото 2024 година, се додава нов текст кој гласи: „за тековната година“.

Во останатиот дел Правилникот за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти останува непроменет.

**Член 2**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2515/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.04.2025 година** **Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Процедура за постапување со подароци, погодности и гостопримство**

**1.СЕ ОБЈАВУВА,** Процедура за постапување со подароци, погодности и гостопримство,донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 29.04.2025 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр. 09 –2720/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.04.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 29.04.2025 година, донесе,

**Процедура за постапување со подароци, погодности и гостопримства**

**I Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Процедура се уредува начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства, нивно управување и евиденција во општина Кавадарци.

**Член 2**

Одредбите на оваа Процедура се однесуваат на Градоначалникот, Секретарот, вработените во општина Кавадарци, вработените ангажирани преку агенција за привремени вработувања или други форми на ангажирање.

**Член 3**

Во општина Кавадарци може да се примаат подароци само под услови и на начин утврдени со закон.

Прифаќањето и давањето подароци, погодности и гостопримства во рамките на службената должност, може да претставува ризик за личниот и институционалниот интегритет и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси и нарушен личен и институционален углед.

Несоодветното постапување со подароците, погодностите и гостопримствата може да доведе до негативни индивидуални и институционални последици во општина Кавадарци.

Примањето на подароци спротивно на закон е квалификација на повеќе кривични дела утврдени во Кривичниот законик.

**Член 4**

Под поимот подарок се подразбира придобивка која има одредена вредност и се нуди на и/или се прима од службеното лице во рамките на должностите што ги врши.

Подарокот утврден во став 1 од овој член може да се појави во повеќе форми, односно може да биде материјално добро (во форма на недвижни и движни ствари) или нематеријално добро.

**Член 5**

Под поимот погодност се подразбира нематеријално добро кое вклучува повластен третман, привилегиран пристап, услуги или други предности, лични услуги, понуди за работа, покани за спортски и други настани од забавен карактер кои носат лична придобивка за службеното лице.

**Член 6**

Под поимот гостопримство се подразбира нудење и прифаќање на покани за прием, учества и патувања, деловни и други официјални настани, деловни патувања и сместување, учества на конференции, деловни ручеци како и давање на други слични услуги.

**II начин на постапување со подароци, погодности и гостопримства во општина Кавадарци**

**Член 7**

Службените лица во општина Кавадарци не смеат да ја користат функцијата заради остварување на имотна, финансиска или друга корист за себе или за друг, како и да бараат и примаат подароци за вршење на функцијата.

**Член 8**

Градоначалникот на општина Кавадарци во име на општината може да дава подароци – поединечно во износ не поголем од 100 евра во денарска противвредност, според среден курс на НБРСМ на денот на набавката на подарокот.

Како подарок не може да се даваат предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за Република Македонија, а кои се заштитени со закон.

**Член 9**

Градоначалникот на општина Кавадарци може да приме подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или почит.

Градоначалникот подарокот може да го задржи во сопственост како личен дар, доколку вредноста на примениот подарок не ја надминува вредноста од 50 евра во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ на денот на приемот на подарокот.

Останатите службени лица во општина Кавадарци не смеат да примаат подароци поврзани со нивната работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност, а тоа се оние што не ја надминуваат вредноста од 1000 денари или подароци добиени од иста личност чија вкупна вредност не надминува 3000 денари во дадена година.

Подароци примени од страна на службени лица или меѓународни организации дадени за време на посети, гостувања и слично, се сметаат за протоколарни подароци.

Службените лица се должни да ги предупредат дарителите дека подароците што ја надминуваат вредноста од ставот 1 на овој член, стануваат сопственост на општината.

Податоците за примените подароци, нивната вредност, дарителите и другите околности се внесуваат во евиденција на подароци.

**Член 10**

Во општина Кавадарци лицето кое е овластено за подароци, води евиденција на примените подароци и ќе се грижи за прием, складирање и чување на истите.

**Член 11**

Лицето кое го примило подарокот во рок од 8 дена од приемот го пријавува до овластеното лице.

Пријавата за примен подарок содржи:

- Име и презиме на примателот на подарокот;
- Функција која ја извршува;
- Назив на органот во кој врши функција;
- Име, презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице и органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган);
- Датум на прием на подарокот;
- Опис на подарокот;
- Во чија сопственост ќе биде подарокот (приватна-личен дар или општинска);
- Датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане ствар во општинска сопственост);
- Вредност на подарокот;
- Место и датум на поднесување на пријавата за примен подарок;
- Потпис на примателот на подарокот;
- Печат и потпис на овластеното лице на општината од став 1 на овој член.

**Член 12**

Овластеното лице води евиденција на примените подароци која ги содржи следниве податоци:

- Име и презиме на примателот на подарокот;
- Извршувал функција во моментот на примање на подарокот;
- Име, презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или органот, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган);
- Опис на подарокот;
- Проценета вредност на подарокот;
- Датум на дарување;
- Во чија сопственост ќе биде подарокот (лична или општинска);
- Датум на предавање на подарокот

**Начин на посатапување со погодности**

**Член 13**

Службените лица во општина Кавадарци не смеат да прифатат било каква погодност во вршење на својата служба, а доколку добие понуда истата да ја одбие и да го извести овластеното лице.

**Начин на постапување со гостопримства**

**Член 14**

Начин на постапување со гостопримствата до давање и прифаќање на гостопримства се заснова на принципот на разумност и транспарентност.

При постапувањето, службеното лице има обврска:

- Да се однесува примерно и достоинствено;
- Да внимава да не го наруши угледот и довербата на општината;
